Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

# СООПШТЕНИЕ

Ги информираме наставниците кои реализираат настава во IV, V и VI одделение во основните училишта дека на веб страницата на Бирото за развој на образованието се поставени сите евидентни листови како и „Евидентниот лист за успехот на ученикот/ученичката од четврто до шесто одделение", согласно Правилникот за формата и содржината на педагошката документација и евиденција во основното училиште, како и за начинот на нивното водење („Службен весник на Република Северна Македонија" број 80 од 22 април 2019 година).

Описните оценки за учениците во IV, V и VI одделение за првото тримесечје наставниците треба да ги внесат во претходно спомнатиот евидентен лист, кој ќе биде даден на увид на родителите/старателите на учениците.

Согласно измените за оценувањето и оценките за учениците во член 138 став 4 и 5 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" број 161 од 5 август 2019 година) ќе бидат направени промени во „Евидентниот лист за успехот на ученикот/ученичката од четврто до шесто одделение", во однос на оценките за прво полугодие. По донесените измени во Правилникот за формата и содржината на педагошката документација и евиденција во основното училиште, како и за начинот на нивното водење, ќе бидат направени и промени во конкретниот евидентен лист, а за тоа наставниците ќе бидат навремено информирани.

Скопје
7.11.2019 година

Биро за развој на образованието